лабораторија avicena

ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА
СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ДИЈАГНОСТИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА
❖ ЛОКАЦИЈА 1 Бул. 8 Септември бр. 2, лок. 1, 1000 Скопје; тел: 02 3179 001; lab@avicenalab.com.mk
ЛОКАЦИЈА 2 Бул. Јане Сандански бр.48, 1000 Скопје; тел: 02 2477 345; lab2@avicenalab.com.mk
ЛОКАЦИЈА 3 ул. Благоја Тоска бр.222, 1200 Тетово; тел: 044 355 550, 044 355 551; labtetovo@avicenalab.com.mk

# Серумско железо

| | |
|---|---|
| **За тестот:** | Тест за одредување на концентрација на железо во крв. |
| **Примерок:** | Венска или капиларна крв. |
| **Подготовка пред земање примерок:** | За повеќето лабораториски испитувања на крвта неопходна е припрема која подразбира земање на примерок ( на празен стомак ) наутро, 12 часа од последниот оброк. Ова е неопходно затоа што консумацијата на храна во периодот предземањето крв доведува до пораст на концентрацијата на глукоза, холестерол, липиди, протеини, железо и други метаболити.<br><br>За да се добијат веродостојни резултати, во договор со лекарот, вадењето крв треба да се прави после прекин со терапијата и wash out периодот ( времето неопходно целиот лек да се исфрли од организмот и реално се одредат нови базални вредности ). Ова особено се однесува на терапија со железо, витамински препарати, хормонска терапија и др. |
| **Забелешка:** | Железото во организмот постои како компонента на хемоглобин и миоглобин и врзано за трансферин, при што се транспортира преку плазма и акумулира во феритин. Зголемени концентрации на железо постојат при хемохроматози и оштетувања на црниот дроб. Намалено ниво на железо може да биде предизвикано од анемија, поради малапсорпција како последица на гастроинтестинални заболувања или губење на крв поради гастроинтестинални лезии или тешки менструални крварења. За оценување на статусот на железо во организмот, со одредување на трансферин и феритин може да се добијат подетални информации. |